Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-83/3
Датум: 28.01.2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-755/1 од 10.12.2024 година поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Велес, против Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на ден 20.1.2025 година го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 755/1 од 10.12.2025 година, поднесена од [redacted], **поради ненадлежност**.

### Образложение

На ден 10.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 109/1, поднесена од [redacted] од Велес.

Подносителот наведува дека преставката се однесува на две пресуди од Управен суд кои биле во негова корист, но од страна на надлежниот орган не биле доставени потребните списи до судот за да се донесе мериторна одлука.

Од причина што поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 16.12.2024 година, Комисијата испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08-755/2 до подносителот [redacted] на мејл адресата наведена во претставката.

На ден 20.12.2024 година, до Комисијата по електронски пат пристигна Доуредување на претставката, заведено под бр. 08-755/3.
Подносителот наведува дека на ден 29.6.2010 година, поради итна здравствена состојба, од Велес бил транспортиран во [redacted] во Скопје. По операцијата, тој доставил Барање за рефундација на средствата до Фондот за здравствено осигурување („**ФЗО**"), но со Решение бр. 10/1-6709/10 барањето било одбиено. Во два наврати, поточно на ден 12.12.2013 година и на ден 23.12.2015 година, подносителот поднел тужба до Управниот суд. Судот ги уважил тужбите, но од причина што Министерството за здравство не ги доставувало потребните списи, не можела да биде донесена мериторна одлука. По 6 месеци од првичната операција, подносителот повторно се оперирал во ПЗУ Ре-медика, по што повторно поднел Барање за рефундација на средствата до ФЗО, но со Решение бр. 10/1-2110.11 од 16.5.2011 година барањето било одбиено. Подносителот поднел тужба до Управниот суд на ден 21.2.2014 година, која била уважена од страна на судот со У-4 бр. 168/214. Подносителот наведува дека Министерството за здравство повторно не ги доставувало потребните списи до судот.

На ден 14.1.2025 година до Комисијата беше доставено Дополнување на претставката со бр. 08-83/1 и 08-83/2, во чиј прилог беше доставена следната документација:

1. Решенија од Фондот за здравствено осигурување;
2. Жалби до Министерство за здравство;

3. Барања до Министерство за здравство;
4. Решение од Министерот за здравство;
5. Тужби до Управен суд;
6. Пресуди од Управен суд;
7. Сметка од ПЗУ Ре-медика.

**Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата на следниот начин:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Во таа насока, **член 5 од Законот** ја забранува дискриминацијата врз основа на *„раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа“.*

По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во конкретниот случај претставката се однесува на управна постапка пред ФЗО, односно управни спорови пред Управниот суд, поврзани со рефундација на средства од ФЗО за направена операција во приватна здравствена установа. Во оваа насока, релевантните одлуки на Управниот суд, донесени по поведени спорови од страна на подносителот на претставката, се вон рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во таа смисла, Комисијата постапува само во случаи кога постојат индиции за дискриминаторски дејствија во однос на заштитена карактеристика предвидена во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Наводите од претставката не вклучуваат елементи на дискриминација, туку се однесуваат на правата на подносителот во областа на здравственото осигурување и правната заштита во управни постапки, па оттука, подносителот може да се обрати кај Народниот правобранител, кој е надлежен да испитува случаи на повреда на права од страна на органи на државната управа и други институции кои вршат јавни функции.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај е опфатен проблем кој не се однесува на барање на заштита на права врз основа на дискриминаторска основа, односно барање за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]